Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 22.12 2020 година ја донесе следната

**Одлука**

**за донесување на Среднорочна програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021-2023 година**

Член 1

Се донесува Среднорочната програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2021-2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Број 02-2367/8
22.12.2020 година
Скопје

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik
Скопје-Shkup



СРЕДНОРОЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

# ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2021-2023 ГОДИНА

СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2020 ГОД.

СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................................5
ВИЗИЈА, МИСИЈА И ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ .................................... Error! Bookmark not defined.
ЦЕЛНА ГРУПА ........................................................................................................... 7
ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ................................................................ Error! Bookmark not defined.
ФИНАНСИРАЊЕ ........................................................................ Error! Bookmark not defined.
СТОЛБ 1 - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТЕН СЕКТОР...........................................10
- Финансиска поддршка на приватен сектор преку Планот за економски раст на Владата на РСМ, Столб III ...........................................................................10
- Финансиска поддршка на приватен сектор преку Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации финансиран преку заем од Светската банка ...................14
- Поддршка на самовработување преку развој на иновативни бизнис „ИНгрупа“.16
- Зајакнување на капацитетите на Фондот преку техничка поддршка од страна на Светската банка.............................................................................16
- Развој на нови мерки и инструменти за поддршка на приватен сектор ...............17
СТОЛБ 2 - ПОДДРШКА ЗА БИЗНИС РАЗВОЈ...................................................................17
- Техничка помош за Апликанти и менторска програма за корисници.................. 17
- Развојна програма за таргетирани менторства...................................................... 18
- Корпоративна иновативност.................................................................................. 18
- Партнерства.............................................................................................................. 18
  - Соработка со домашни партнери....................................................................... 19
  - Соработка со меѓународни партнери.................................................................. 20
- ПОДДРШКА ВО РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ........................................................................23
  - ТЕМАТСКИ ПРЕДИЗВИЦИ.........................................................................................23
    - Зелена економија........................................................................................................23
    - Социјално претприемништво....................................................................................24
    - Дигитализација на јавниот сектор ............................................................................24
    - Агротехнологија / Agri Tech.........................................................................................25
    - Синџир на снабдување / Supply chain.......................................................................25
СТОЛБ 3 - СТАРТАП ЕКОСИСТЕМ.................................................................................25
СТОЛБ 4 – ТРОЕН/ЧЕТВОРЕН ХЕЛИКС СИСТЕМ.............................................................28
- ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА.................................................................................................30
  - Предизвик за млади истражувачи............................................................................30
  - Поддршка на успешни глобални образовни програми кои го поттикнуваат критичкото размислување, иновтивноста, креативоста и НТИУМ кај учениците и младите....................................................................................................30
  - Креирање на програма за практично претприемништво и можности во стартап еко системот за ученици од средните училишта...........................31

- Поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите.....31
- Платформа за вмрежување и мобилизарње и рационализација на ресурси .....31

- СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР .....32
- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА .....32
  - Иновациски ваучери.....32
  - Колаборативни грантови.....33
  - Финансиска поддршка за воспоставување и спроведување на иновативни практики во земјоделството.....33
  - Мобилност на висококвалификувани човечки ресурси: Поддршка за ангажирање на магистранти и докторанти во приватниот сектор.....33
- ИНОВАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА.....33
  - Научно технолошки парк и Национална канцеларија за трансфер на технологии.....33
  - Центри на извонредност “FAB LABS”.....34

**СТОЛБ 5 – ФИТР ИМПАКТ**.....34

- Анализа на портфолио на корисници на Фондот од приватен сектор.....34
- Анализа на финансиски перформанси од работењето на корисниците на Фондот.....34
- Дигитализација на портфолио и активностите за мониторинг на корисниците.....35
- МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ.....36
- ОРГАНИЗАЦИЈА.....37
- НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНА (мониторинг на корисници).....38

Врз основа на член 28 став 1 и член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациска дејност („Службен весник на РМ“ бр .79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18) и член 20, став 2, алинеја 4 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој бр. 01-347/1 2015 од 26.05.2015 година, Управниот одбор на Фондот, на предлог на директорот на Фондот, на седницата одржана на 22.12.20 година донесе

**СРЕДНОРОЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**НА ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

**ЗА ПЕРИОД 2021 – 2023 ГОДИНА**

## ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот“) е правно лице основано според Законот за иновациската дејност, регистриран во Централниот Регистар на Република Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

Фондот има за цел промовирање и поттикнување на иновациската дејност, подобрен пристап до финансиските услуги за иновации, развивање на инфраструктура за иновации и технолошки развој и развој на партнерства. Главна цел е поттикнување на примена на иновациите кај домашните компании, преку обезбедување на дополнителни извори за финансирање на иновациите, како основа за градење на конкурентна економија основана на знаење.

Оваа цел ја оствaруваме преку поддршка во креирањето и примената на развојните политики, преку поддршка на усвојувањето на релевантно законодавство и другите социјално важни процеси кои имаат влијание врз поттикнувањето на факторите за успешно позиционирање на Република Северна Македонија преку давање на кофинансирани грантови за иновации и технолошки развој, техничка помош за компаниите за олеснување на пристапот до регионалните фондови, еквити и мезанин инвестиции и финансиска помош за истражување.

Согласно своите програмски определби и развојна политика, Фондот може да учествува и во кофинансирање на програми и други активности ако се организирани и финансирани од меѓународни организации, финансиски институции и тела и други странски и домашни правни и физички лица.

Со имплементација на зацртаните цели активно придонесуваме за забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и за подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на претпријатијата.

## ВИЗИЈА, МИСИЈА И ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

*Визијата* - Фондот за иновации и технолошки развој да биде централна институција за поддршка на одржлив економски развој преку поттикнување на иновации и технолошки развој. За да ја оствариме оваа визија воведуваме повеќе нови иницијативи за развој и давање финансиски и нефинансиски услуги кон претпријатијата, како и систематска и современа едукација и поддршка на сите релевантни чинители во општеството.

*Мисијата* - поттикнување и поддршка на иновациската дејност кај микро, мали и средни и новооснovани претпријатија за забрзан технолошки развој кој се темели на

трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и за подобрување на деловната клима за развој на конкурентската способност на компаниите.

Инвестирање во човековиот потенцијал и воспоставување поволни услови за развој на троен/четворен хеликс иновациски екосистем кој води кон трансформација на националната економија во контекст на одржлив раст преку економија базирана на знаење каде иновациите претставуваат основен двигател на економскиот развој и значителен фактор за зголемување на конкурентнонста на домашните компании.

*Приоритети и цели*:

- подобрен пристап до финансиските услуги за иновации и технолошки развој,
- промовирање и поттикнување на иновациската дејност,
- воспоставување на ефикасен троен/четворен хеликс систем со активно вклучување и поддршка на сите сегменти – јавните институции, академската и научната заедница, индустријата и граѓаните,
- поттикнување на иновациската дејност преку сите нивоа на образование и обука,
- поттикнување на соработката помеѓу академската заедница и индустријата со цел интензивирање на преносот на знаење и преносот на технологии,
- подигнување на свеста за значењето на иновациите за конкурентноста на домашната економија и за општествениот развој.

Наша главна цел е поттикнување на иновациите преку обезбедување дополнителни извори за финансирање, како придонес кон градење на конкурентна економија основана на знаење.

Зацртаните цели се имплементираат преку постојни инструменти и мерки за поддршка и работиме на развој на нови мерки за поддршка на иновациите и технолошкиот развој.

Фондот ќе гради партнерства со други засегнати страни за реализација на заедничките цели.

Реализацијата на претходно споменатите цели бара институционален и организациски интегритет и развој на институцијата. Тоа подразбира ефикасни системи и процедури, посветени и професионални човечки ресурси и стабилни извори на финансирање.

Општата цел на оваа Среднорочна програма за работа е поттикнување и поддршка на иновациската дејност и технолошкиот развој во Република Северна Македонија. Оваа програма ги содржи основните развојни компоненти, чија реализација е планирана во периодот 2021 – 2023 година, ги обезбедува генералните насоки како приоритетни цели, мерките кои треба да се преземат за нивно реализирање и активностите, кои со доследна примена од страна на вработените и со соодветно

финансирање, ќе обезбедат не само реализација на мисијата и визијата на Фондот туку ќе претставуваат и темел за изградба на конкурентна економија, основана на знаење.

## ЦЕЛНА ГРУПА

- **Директни корисници:**

- Микро, мали и средни претпријатија
- Образовни, високообразовни и научни установи
- Здруженија на граѓани и фондации
- Останати правни и физички лица определени во одредби на релевантите подзаконски акти

- **Индиректни корисници**

- Јавни институции
- Големи претпријатија
- Сите учесници во образовниот процес (ученици, студенти, наставници, родители, академски кадар, и др.)
- Граѓаните на Република Северна Македонија

Национална стратегија за иновации, Стратегија за паметна специјализација (во фаза на изработка), Проектот за развој на вештини и иновации финансиран од Светска банка, Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија (мерките од Столб 3), Стратегија за образованието 2018-2025 и Акциски план, Индустриска стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027 со Акциски план и останатите национални стратешки документи поврзани со развојот на образованието и економијата во сферата на иновациите и технолошкиот развој се основа за подготовката на оваа Среднорочна програма за работа.

## ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ

Основни задачи:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика и поддршка на приватниот сектор;

- професионални и други работи во врска со обезбедување средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународните организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата, согласно приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средствата, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои ги финансира Фондот, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и склучување соработка со меѓународни и домашни финансиски институции, но и со други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- учество во основање на Националната канцеларија за трансфер на технологии, за поддршка и поттикнување на соработката на универзитетите со индустријата;
- учество во основање на Научно-технолошки парк со цел поддршка на научно-истражувачката дејност и поттикнување на соработка помеѓу универзитетите и приватниот сектор;
- избор на друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестициите;
- основање Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции, и
- следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел развивање на претприемачко општество во Република Северна Македонија.

Фондот своите задачи ги исполнува преку доделување финансиски средства за:

- обезбедување услуги и почетен капитал за формирање и раст на трговски друштва преку доделување финансиски средства за иновациски проекти;
- доделување ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации, технолошки развој, иновациски ваучери ;
- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање на развојни и/или иновациски проекти во сите фази на развојот преку сопственички капитал и преку комбинација на сопственички капитал и кредити, преку обезбедување на поволни извори на кредит и на гаранции за инвеститорите, и
- поддршка за формирање на приватни фондови преку инвестирање на средства или гарантирање на добивка од инвестираните средства; и
- поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата согласно стратегијата за иновации.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Фондот остварува приходи од:

- средствата од Буџетот на Република Северна Македонија;
- средства во износ од 1% од вкупните средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој;
- средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој над износот утврден во предходната алинеја, во висина на средствата утврдени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за иновации, истражување и развој, трансфер на технологии, технолошка екстензија, деловно-технолошки акцелератори од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и руралниот развој;
- донации, прилози, подароци и помош;
- приходи од комерцијализација на иновација (ројалти);
- средства стекнати по основ на продажба на удели кои Фондот за еквити и мезанин инвестиции и/или приватниот фонд ги поседува во трговски друштва и во други претпријатија;
- приходи остварени по основа на меѓународна билатерална и мултилатерална соработка на програми, проекти и други активности во областа на иновациската дејност;
- приходи од управување со слободните парични средства на Фондот, и
- други извори, во согласност со закон.

Најголем дел од приходите на Фондот, што ќе бидат пласирани преку овие инструменти, се средства од Буџетот на РСМ за реализација на Планот за економски раст и од заемот од Светска банка преку Проектот за развој на вештини и иновации.

Средствата за финансиска поддршка за иновации и технолошки развој за ММСП ќе се доделуваат по пат на јавен повик.

Проекциите за динамика на објавување на јавни повици, вкупниот годишен износ на средства за доделување (контрактирање), како и потребни финансиски средства за реализација на потпишани договори се поместени во Прилог 1 и Прилог 2 на оваа Информација.

Според постојната динамика, сите средства предвидени со Проектот за развој на вештини и иновации ќе се контрактираат до истекот на рокот на заемот – април 2021г.

Средствата за финансиска поддршка за иновации и технолошки развој за ММСП определени со горенаведените инструменти се доделуваат согласно критериумите и постапките уредени со посебни правилници на Фондот за иновации и технолошки развој, освен мерката 5 која се спроведува во континуитет.

Средствата за исплатите на истите ќе бидат обезбедени од заемот на Светската банка, буџетски средства обезбедени од Планот за економски раст, приходите од Програмата за рурален развој и од Основен буџет на Фондот.

## СТОЛБ 1 - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТЕН СЕКТОР

- **Финансиска поддршка на приватен сектор преку Планот за економски раст на Владата на РСМ, Столб III**

Фондот, како носител на третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст: „ММСП"), а во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, ќе продолжи да работи на активности поврзани со спроведување на столб 3 од Планот за економски раст. Станува збор за мерки за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија и тоа:

(а) Мерка 1: Поддршка на микро, мали и средни претпријатија со тенденција на брз пораст („Газели");

Средствата од оваа мерка се користат за ко-финансирани грантови за технолошки развој на компаниите со покривање до 30% од прифатливите директни трошоци на барателот во инвестициски проекти, но не повеќе од 10.000.000 МКД.

Поддршката се обезбедува за следниве инвестициски активности и трошоци:

- прифаќање и спроведување на европските технички прописи во однос на безбедноста на производите;
- подготовки за стекнување сертификати за квалитет;
- активности за анализа, подготовка, стекнување и заштита на правата за индустриска и за интелектуална сопственост;
- подготовка и спроведување на активности за подобрување на енергетската ефикасност;
- изработка на елаборати за заштитата на животната средина;
- подготовка и воспоставување системи за управување со отпадот;
- воведување на информациски системи;
- трошоци за техничка поддршка (експертиза), врз основа на претходно доставен профил на домашни и/или надворешни експерти што ќе се ангажираат на проектот;
- трошоци поврзани со постапки пред организации, научноистражувачки институти, компании и меѓународни организации поврзани со стекнување на сертификати за квалитет, стекнување на патенти и други права од интелектуална сопственост, како и други документи поврзани со инвестициските активности, што се издаваат од сертифициран субјект;

- трошоци за договорни услуги за истражување и развој (пр. тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- трошоци за набавка или за изнајмување опрема, ИТ-алатки и друг вид основни средства за ММСП, директно поврзани со реализација на проектот за технолошки развој;
- други трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен плати и набавки од домашни јавни претпријатија.

Финансиската поддршка може да се користи во период *до 18* месеци од денот на одобрување на проектот.

(б) Мерка 2: Посебна (дополнителна) финансиска поддршка за ММСП;

Средствата од оваа мерка се користат за кофинансирани грантови за технолошки развој на компаниите со покривање до 30% од прифатливите директни трошоци на корисникот, но не повеќе од 5.000.000 МКД.

Поддршката се обезбедува за следниве инвестициски активности и трошоци:

- техничка поддршка од страна на надворешни експерти за подготовка на среднорочни и на долгорочни стратешки планови;
- обука за среднорочно планирање на бизнисот (тригодишен бизнис-план);
- подготовка на развојни проекти за деловно поврзување и воспоставување на деловна соработка (во период од 3 до 5 години) со странски инвеститори и со домашни претпријатија;
- подобрување на организациската структура за задоволување на растот на фирмата;
- специјализирани менаџмент обуки– програми за развој и на способностите на менаџмент тимовите;
- обука за препознавање таленти (идни лидери) и креирање програми за развој на таленти (идни лидери);
- обука за планирање и контрола на трошоци;
- набавка или изработка на специфичен софтвер поврзан со подобрување на организациската структура и на перформансот или за подобрување на оперативните процеси кои ќе ја зголемат продуктивноста и/или процесот на планирање;
- трошоци за техничка поддршка (експертиза), врз основа на претходно доставен профил на клучни домашни и/или надворешни експерти што ќе се ангажираат;
- трошоци поврзани со подготовка и со реализација на обуки;
- други трошоци поврзани со спроведување на план за подобрена организациска структура на барателот;
- трошоци за набавка и/или изработка на опрема, софтвер, ИТ-алатки и друг вид основни ИКТ-средства за ММСП директно поврзани со реализацијата на проектот за технолошки развој;

- други трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен плати и набавки од домашни јавни претпријатија.

Финансиската поддршка може да се користи во период *до 18* месеци од денот на одобрување на проектот.

(в) Мерка 3: Финансиска поддршка за подобрување на иновативноста;

Средствата од оваа мерка се користат за ко-финансирани грантови на развој и примена на иновативни решенија на апликантите, со покривање до 70% од директните трошоци, но не повеќе од 20.000.000 МКД.

Поддршката се обезбедува за следниве инвестициски активности и трошоци:

- разработка на техничко-технолошките аспекти во развој и во воведување на нови производи или услуги;
- значително подобрување на постојните производи или услуги;
- изработка на нови модни колекции;
- изработка на индустриски дизајн или редизајнирање на производите;
- изработка на нова амбалажа;
- изработка на маркетинг планови (анализа на пазар, на конкуренцијата, истражување на производите, продажбата и сл);
- подобрување на постојните или воведување на нов производен процес;
- бруто-плати (за лица ангажирани кај корисникот и кај членовите на конзорциумот) чиј износ треба да соодветствува на воспоставените практики на корисникот пред почетокот на проектот;
- набавка и/или изнајмување на опрема и на потрошни материјали за истражување и развој;
- поддоговорни услуги за истражување и развој (пр. тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- ангажирање експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање консултанти за други потреби дирекно поврзани со очекуваните резултати на проектот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на средства, бизнис-развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- подготовка и поднесување пријава за патент, заштита на трговска марка и/или индустриски дизајн и други подготвителни активности за регистрација и заштита на правата од интелектуална и од индустриска сопственост;
- трошоци за маркетинг и за канцелариска и деловна поддршка во максимален износ од 10% од вкупниот буџет на проектот.

Финансиската поддршка може да се користи во период *до 24* месеци од денот на одобрување на проектот.

(г) Мерка 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица

Средствата од оваа мерка се користат за ко-финансирани грантови за технолошки развој на компаниите со покривање до 30% од трошоците за обука и стручно усовршување на нововработени млади лица, но не повеќе од 1.000.000 МКД.

Поддршката од оваа мерка се доделува за стручно усовршување и/или практика за лица до 29-годишна возраст, работно ангажирани кај барателот најмалку 6 месеци пред поднесувањето на барањето за финансиска поддршка. Поддршката опфаќа покривање на:

- трошоци за стручна обука и практика за нововработено младо лице кај барателот (вклучително и Fast Track Management Programme);
- трошоци за стручна обука и практика за нововработено младо лице во друга компанија и/или организација што обезбедува ваков тип услуги;
- трошоци поврзани со подготовка и со реализација на план за зајакнување на стручни и технички вештини;
- трошоци за патување, сместување и храна во земјата и во странство, доколку програмата за стручното усовршување и/или практика се реализира вон местото на живеење на вработениот;
- трошоци за аплицирање, котизација и други надоместоци за учество во програмата за стручно усовршување и/или практика што ги наплаќа организаторот (различен субјект од барателот);
- трошоци за подготовка и за полагање испити за добивање сертификати и други документи за успешно реализирана програма и/или практика;
- други директни трошоци поврзани со организација и/или учество во програма за стручно усовршување и/или практика.

Вкупната поддршка под оваа мерка за еден барател може да се користи во период до 24 месеци за едно нововработено младо лице.

(д) Мерка 5: Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал и „Бизнис ангели"

Средствата од оваа мерка може да се користат и преку Фондот за еквити и мезанин инвестиции основан од Фондот за иновации и технолошки развој, со учество до 25% од вредноста на инвестицијата од сопствени средства на барателот, но не повеќе од 30.000.000 МКД. Поддршката преку Фондот за еквити и мезанин ќе се реализира преку аплицирање и евалуација во текот на целата година.

Поддршката од оваа мерка се доделува за подготовка и за реализација на проекти за технолошки развој на барателот и ги опфаќа сите трошоци прифатливи за финансирање под мерките 1, 2, 3 и 4 од оваа програма.

Апликантот може да ја користи финансиска поддршка во период до 36 месеци од денот на одобрување на проектот, со можност за продолжување за уште најмногу 24 месеци.

Оваа мерка не влијае на условите за користење на средства кои Фондот за еквити и мезанин ги обезбедува од други извори на финансирање.

Мерките од Планот за економски раст, Столб III можат да бидат предмет на измена на условите, согласно предлозите и препораките произлезени од консултациите со потенцијалните корисници. Мерките од Планот за економски раст, Столб 3 се спроведуваат преку следните инструменти за поддршка:

- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој;
- ✓ Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста и
- ✓ Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса на нововработени млади лица
- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19 кризата
- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст

Условите за користење, критериумите за подобност на апликантите, целта на инструментот за поддршка, износите на поддршка, условите за кофинансирање, како и други услови за секој одделен инструмент се предвидени во рамките на Правилникот за инструментот и истите можат да бидат предмет на промена во зависност од предлозите и препораките добиени од страна на приватниот сектор, како и од останатите чинители и институционални партнери на Фондот.

- **Финансиска поддршка на приватен сектор преку Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации финансиран преку заем од Светската банка**

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, финансиран преку заем од Светската банка, а имплементиран преку Министерството за образование и наука, има за цел подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, како и подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование и поддршка на капацитетот за иновации во Република Северна Македонија.

Проектот, со вкупен буџет од 17.7 милиони евра, го сочинуваат следните компоненти:

1) подобрување на транспарентноста на високото образование;
2) модернизација на средното техничко стручно образование и обука и
3) подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации.

Во рамки на проектот, Фондот се јавува како носител на третата компонента „Подобрување на капацитетот за иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации“ во чиј делокруг се предвидени следните активности:

Од вкупниот буџет на проектот (17.7 милиони евра), буџетот за третата компонента чиј носител е Фондот и чија цел е финансиска поддршка на претпријатија по основ на четирите инструменти наведени подолу, изнесува 9.159.750,00 евра.

Во рамките на оваа компонента во проектот обезбедена е поддршка во следните сегменти:

- ✓ Градење на капацитет за Фондот за иновации и технолошки развој

Подобрување на институционалната компетенција на Фондот преку: (а) планирање и осмислување на програмите, стратегиите, операциите и постапките на Фондот; (б) обезбедување на обука за персоналот; (в) избор на комисија за инвестирање и рецензенти; (г) обезбедување на обука за претпријатијата корисници на средства од Фондот и (д) спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации.

- ✓ Пилот на финансиските инвестиции кои треба да ги испорача Фондот

Обезбедување на финансирање за поттикнување на иновациите преку: (а) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на акцелератор; (б) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на докажување на концептот на иновациите; (в) обезбедување на грантови за иновации или подзаеми за иновации за финансирање на комерцијализација на истражувањето и развојот и (г) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на активности за развој на технологии и апсорпција на технологии за нови односно подобрени технологии, производи и процеси.

Како резултат на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, развивме и обезбедуваме финансиска поддршка преку 4 (четири) инструменти за поддршка на приватниот сектор:

1) кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
2) кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
3) кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
4) кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации финансиран преку заем од Светската банка е со рок на реализација до 30 април 2021 година. По завршување на проектот, инструментите на поддршка развиени преку проектот остануваат како инструменти за поддршка кои ќе бидат финансирани преку буџетот на Фондот.

- **Поддршка на самовработување преку развој на иновативни бизнис „ИНгрупа"**

Иницијативата се спроведува преку програмата за самовработување во соработка со Министерство за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување за поддршка на невработени лица со цел започнување сопствен бизнис. Фондот е вклучен во делот на идентификување на бизнис идеи со потенцијал за брз раст т.н. „ИнГрупа" на кои им обезбедуваме менторска поддршка по регистрирање на претпријатието. Целта е зајакнување на капацитетите на овие старт-ап компании со цел нивна подготовка за аплицирање на отворените повици на Фондот.

- **Зајакнување на капацитетите на Фондот преку техничка поддршка од страна на Светската банка**

Фондот е корисник на техничка помош "Innovation and Competitiveness Ecosystem TA" финансирана од британскиот фонд "Good Governance and Investment Climate Reform-(GGICR)", а истата ја обезбедува Светската банка. Целта на техничката помош е идентификација на активности со кои екосистемот за иновации и компетитивност на ниво на приватен сектор да биде поефикасен и покомпетитивен. Целта на поддршката е од корист за економијата на Северна Македонија преку подобрување на способностите на фирмите за иновации, што ќе придонесе за зајакнување на економскиот раст и создавање работни места.

Оваа поширока цел ќе се постигне преку неколку канали:

1. Анализа потребна за да се увиди како да се подобрат инструментите за иновации и институционалната поддршка (компонента 1);
2. Прилагодувања во дизајнирањето на инструментите за иновации со цел да се фокусираат на market failures и критичните потреби на компаниите (компонента 2)
3. Подобрувања во институционалните структури, правните рамки и капацитетот на владините институции кои ги спроведуваат инструментите на поддршка (компонента 2);
4. Подобрувања во правната рамка за ризичен капитал (Компонента 3) и
5. Развој на посилен pipeline од фирми кои имаат капацитет за иновација и можат да имаат корист од инструментите, поголема транспарентност, пристап до информации и граѓански ангажман (компонента 4).

Како резултат на техничката помош, ќе пристапиме кон прилагодување на постоечките инструменти за поддршка на приватниот сектор, креирање на нови механизми на поддршка меѓу кои е и развој на еквити - финансирање преку основање на Фонд на фондовите (Fund of funds). Воедно, техничката помош треба да даде насоки за ефикасна организација и на институциналните капацитети во поддршка на приватниот сектор.

- **Развој на нови мерки и инструменти за поддршка на приватен сектор**

Покрај постојните мерки и инструменти, ќе работиме на развој на нови инструменти и мерки за поддршка на следниве видови на активности насочени кон поддршка на приватниот сектор:

- Развој на еквити - финансирање односно создавање на услови за развој на ризичен капитал;
- Развој на програми за поддршка на инвестирање во старт-ап бизниси од страна на ангели инвеститори;
- Развој на програми за поддршка на "crowdfunding" платформи со цел отворање на нови канали за собирање на капитал од страна на старт-ап бизнисите;
- Развој и поддршка на зелена економија преку финансирање на „Green deal" активности од страна на приватниот сектор;
- Развој и поддршка на социјално претприемништво;
- Развој на програми за поддршка на женско претприемништво.

Во рамките на своите активности Фондот ќе продолжи со обезбедување на нови извори на финансирање со што нови мерки и инструменти за поддршка на приватниот сектор би биле предмет на развој.

## СТОЛБ 2 - ПОДДРШКА ЗА БИЗНИС РАЗВОЈ

- **Техничка помош за апликанти и менторска програма за корисници:**

Во рамките на своите активности ќе продолжиме да обезбедуваме техничка помош и поддршка на приватниот сектор во делот на менторски услуги со цел понатамошно градење на капацитетите на приватниот сектор. Поддршката се состои во два дела:

✓ Техничка помош за апликанти:

Техничката помош за апликанти се обезбедува во фаза на аплицирање при што се обезбедуваат услуги на консултација за одредени теми кои се дефинираат согласно карактеристиките на инструментот за поддршка за кој е објавен повик.

✓ Менторска поддршка за корисниците на средства

По потпишувањето на договор за финансиска поддршка со Фондот и по отпочнувањето на реализација на проектот, преку индувидуални консултантски средби се прави проценка на потребите на секој корисник одделно и согласно истата дијагностика се определуваат области на обуките. Листата на области за менторирање не е

ограничувачка бидејќи се развиваат согласно потребите на компаниите и согласно меѓународни утврдени практики како и постоечките услови на пазарот.

Менторската поддршка е предвидена да се изведува преку индивидуално менторирање и групни обуки.

- **Развој на програма за „насочени“ менторства:**

Во насока на обезбедување на повисоко ниво на квалитет на техничката поддршка која веќе ја обезбедува Фондот за своите корисници и потенцијални корисници во иднина ќе се зголемува и опсегот на постојната менторска програма со воведување на поддршка и за:

- ✓ одбиени апликанти – оние кои аплицирале за некој од инструментите на Фондот, но предлог проектите не им се одобрени за финансирање - со цел нивна подобра подготвеност за некој нареден повик или друг тип на инструмент во иднина, и
- ✓ брзорастечки корисници (scaleups) – група на компании од портфолиото на корисници на поддршка од Фондот кои ќе бидат идентификувани како брзорастечки со докажан потенцијал за експанзија на странски пазари – со цел да им се олесни и забрза пристапот до пазарот надвор од земјата преку обуки и тренинзи, дизајнирани за нивните потреби.

- КОРПОРАТИВНА ИНОВАТИВНОСТ

Фондот ќе се фокусира на развивање на партнерства со корпоративниот сектор во државата преку развивање на програма преку која ќе им се овозможи модел за развој на иновации на големите компании преку соработка со стартапи и млади иновативни компании кои развиваат решенија во секторите во кои се тие присутни, како финтек, телекомуникации, агритек и други сектори кои ќе бидат дефинирани врз основа на потребите на корпоративниот сектор. Фондот ќе игра улога на фацилитатор на процесот на поврзување на веќе етаблирани компании во индустријата со новите млади компании кои се обидуваат да се пробијат на истите пазари со нивни иновативни решенија.

## ПАРТНЕРСТВА

Фондот континуирано ќе ги одржува и развива новите партнерства со повеќе клучни институции и организации кои дејствуваат во ММСП-секторот и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции, работилници, дебати и други активности.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања и за координација со економски ресори во насока на спроведување на Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија.

Активно ќе работиме и на воспоставување на регионална соработка и локални партнерства за зголемување на транспарентноста и достапноста на инструментите и програмите на Фондот на што поголем број на иновативни претпријатија како и за општо зголемување на граѓанската мобилност.

✓ **Соработка со домашни партнери:**

**Македонска банкарска асоцијација:**

Продолжуваме со соработката со МБА (Македонска банкарска асоцијација) по основ на потпишан меморандум за соработка за активности поврзани со следните цели:

1. Поттикнување и афирмација на активности од заеднички интерес;
2. Промовирање на можноста за финансирање и олеснување на пристап до капитал на микро, мали, средни претпријатија и старт-ап компании;
3. Промовирање на иновации и технолошки развој во земјата; и
4. Промоција на економски раст и одржлив развој преку поттикнување на претприемачката култура.

**Стопански комори, бизнис асоцијации и бизнис здруженија:**

Како дел од редовните активности на Фондот се планира засилување на соработката со стопанските комори во земјата, бизнис асоцијациите и здруженијата со цел:

- редовно информирање за активностите на Фондот,
- соработка во делот на добивање на предлози за потребите на приватниот сектор при креирање на програми за поддршка на истиот,
- информирање за резултатите на повиците
- спроведување на заеднички настани со цел информирање на членството за можностите за финансирање преку Фондот
- останати активности поврзани со зајакнување на дијалогот со приватниот сектор

**Асоцијација на старт-ап заедница на Република Северна Македонија СТАРТАП МАКЕДОНИЈА**

Со цел спроведување и јакнење на меѓусебната соработка, како и насочување на своите напори кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, пред сѐ во областа на иновациската дејност и старт-ап, продолжуваме да ја унапредуваме соработката со Асоцијацијата на старт-ап заедница на Република Северна Македонија СТАРТАП МАКЕДОНИЈА.

Меѓусебната соработка ќе биде насочена кон развој и унапредување на иновациската дејност и старт-ап заедницата, со дигитализација на старт-ап екосистемот и

транспарентно достапни податоци. Дел од планираните активности во рамки на овој меморандум се подобрување на законската регулатива за старт-ап компаниите и доближување на старт-ап компаниите до странскиот пазар.

Фондот ќе воспоставува и одржува соработка и со останатите домашни партнери, институции, здруженија, асоцијации, организации и сл. во насока на остварување на главните цели на Фондот и поддршката на развојот на домашната економија.

**Филозофски факултет Скопје**

Врз основа на потпишаниот Меморандум помеѓу Фондот и Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, ќе продолжи соработката, чија главна цел ќе биде унапредување на образованието и воведувањето на иновации во образовниот процес. Ќе се работи на поддршка на наставно-научни настани кои го промовираат концептот на иновативност во образованието, науката и општеството; како и стручна и научна експертиза од доменот на хуманистичките и општествените науки, за потребите на Фонд за иновации и технолошки развој.

**Регионални бизнис центри во рамките на Центрите за развој на плански региони:**

Врз основа на потпишан меморандум помеѓу Фондот и Министерството за локална самоуправа во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" ќе се продолжи соработката, чија главна цел на проектот е да се намалат разликите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони, што ќе придонесе за подобри услови за живеење на сите граѓани. Во насока на поттикнување на рамномерен регионален развој, Фондот ќе се фокусира на зголемување на неговото присуство и подобрување на пристапот до финансии за потенцијални корисници надвор од скопскиот регион, во останатите 7 плански региони, преку соработка со постоечките канцеларии за развој на планските региони, како и отворање на Старт-ап хабови низ целата земја преку моделот на пренамена на објекти во сопственост на државата кои не се користат.

**Македонија 2025**

Фондот ќе ја продолжи соработката со „Македонија 2025" особено во делот на организација и учество на заеднички настани како и обезбедување на менторска и консултантска помош за македониските претпријатија; организација на деловни (B2B) средби и сл.

✓ **Соработка со меѓународни партнери**

**Светска банка:**

Соработката со Светската банка продолжува и во иднина во делот на:

- „Проектот за развој на вештини и иновации" (до 30 Април 2021 година) и

- “Innovation and Competitiveness Ecosystem TA”

Соработката не е ограничена само во овие два сегмента, и Фондот ќе ја задржи стратешката соработка со Светската банка во делот на градење на капацитетите на институцијата, поддршка во развој и финансирање на програми за приватниот сектор особено во делот на развој на еквити финансирање на ризичен капитал и слично.

**Делегација на Европската Унија:**

Со цел остварување на активностите на поддршка на приватниот сектор Фондот ја продолжува соработка со Делегација на Европската Унија особено во делот на поддршка на приватниот сектор во спроведување на активности поврзани со „EU Green Deal“ но и зајакнување на институционалните капцитети на Фондот за реализација на активостите поврзани со “Green deal“.

Продолжуваме и со обезбедување подршка за спроведување на повеќекорисничките проекти финансирани од Европската Унија како што се: EU4TECH PoC Project и Research Infrastructure Roadmap.

**Амбасада на Обединетото Кралство:**

Соработката со Амбасадата на Обединетото кралство продолжува и во понатамошниот период бидејќи преку британскиот фонд “Good Governance and Investment Climate Reform- (GGICR)” е финансирана техничката помош “Innovation and Competitiveness Ecosystem TA” чија цел е идентификација на активности со кои екосистемот за иновации и компетитивност на ниво на приватен сектор ќе стане поефикасен и покомпетитивен. Целта на поддршката е од корист за економијата на Северна Македонија преку подобрување на способностите на фирмите за иновации, што ќе придонесе за зајакнување на економскиот раст и создавање нови работни места.

**Регионален совет за соработка (RCC – Regional Cooperation Council) и Светски економски форум (WEF – World economic forum)**

Во периодот што следува, Фондот ќе ја зајакне соработката со Регионалниот совет за соработка (RCC – Regional Cooperation Council) и Светскиот економски форум (WEF – World economic forum) во рамките на „Innovation and Competitiveness Accelerator“ од Западен Балкан. Во рамките на акцелераторот, Фондот заедно со економските претставници од Западен Балкан и претставниците од RCC и WEF ќе продолжи со активности поврзани со „Regional Early Stage Innovation Funding Scheme“ односно воспоставување на регионална шема на финансирање на претпријатија во рани фази на развој. Впрочем, оваа активност е и дел од акцискиот план на MAP REA 2021-2024 во делот “8.1 Regional innovation“ како дел од Берлинскиот процес за Западен Балкан.

**Програма за развој на Обединетите Нации (УНДП)**

Соработката на Фондот за иновации и технолошки развој со и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) која се зајкна во 2020 година со потпишување на Меморандумот за соработка ќе продолжи во следниот 3 годишен период. Планирано е продолжување на планираните активности преку засилување на иновациските дејности и воведување иновативни процеси во јавниот сектор, поддршка за раст на малите и средни претпријатија, промоција на истражување и ефективни модели на управување, како и зголемување на соработката меѓу јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Двете институции ќе продолжат со поддршка на растот на микро, малите и средните компании преку спроведување на иновативни решенија и услуги; соработка со домашните претпријатија за да можат да ги остварат сопствените цели за одржлив развој заедно со развојните агенции и јавните институции; унапредување и промовирање на долгорочниот развој преку технолошки подобрувања и поддршка на развојот на дигиталните вештини што треба да придонесат кон создавање нови работни места, како и вклучување на жените во техничките и природните науки и комерцијалните проекти за да се пополнат родовите празнини на пазарот на труд. Фондот и УНДП ќе продолжат да работат на подигнување на свеста за нови иновативни пристапи, технолошки подобрувања, трансфер на знаење во различни индустрии и промоција на истражувањата меѓу академскиот и приватниот сектор

**Амбасада на Швајцарија:**

Со потпишаниот меморандум помеѓу Фондот и швајцарската програма за претприемништво (Swiss Entrepreneurship Programme – Swiss EP) на Амбасадата на Швајцарија во Северна Македонија ќе продолжи соработката, чија главна цел е поддршка за развој на иновативноста и претприемништвото во земјата, засилување на соработката помеѓу институциите и претприемачите, како и индивидуална поддршка за надградба на институционалните капацитети кои се главни аспекти на овој меморандум. Сето ова ќе се имплементира преку низа активности како менторска поддршка од експерти, обука за подготовка на бизнис модели и комуникациски стратегии, обезбедување поддршка за бизнис ангели и инвеститори, како и воспоставување на систем за следење на напредокот на компаниите кои работат на иновациски проекти и слични активности.

**УСАИД:**

Фондот ќе ја продолжи соработката со УСАИД во насока на подобрување на деловниот екосистем, поддршка на претприемништвото и старт-ап бизнисите, сî со цел зајакнување на капацитетите на приватниот сектор и зголемување на конкурентноста на истиот.

Фондот ќе потпише нови Меморандуми за соработка за периодот 2021-2023 со UNICEF и USAID за продолжување на кофинанансирање на програмите UpShift и Junior Achievement, како и за проширување на соработката преку нови проекти и програми.

**Државата Израел**

Фондот ја продолжува соработката со државата Израел преку Амбасадата на Израел во Република Северна Македонија. Соработката е предвидена да опфати зајакнување на македонските бизниси, а особено македонската стартап заедница, преку поврзување на израелски и македонски компании; организација и учество на заеднички настани; организација на деловни (B2B) средби; менторска и консултантска помош; размена на искуства и знаења меѓу израелски стопанственици посебно сопственици на стартап бизниси и претставници на македонски претпријатија; организација и спроведување на студиски посети на македонски компании во Израел; и сл.

**Други партнерства:**

Во наредениот период, активно ќе идентификуваме нови извори на финансирање и партнерства за учество и спроведување на национални и мултинационални проекти. Фондот активно ќе учествува на настаните организирани од меѓународните институции, а особено од институциите на Европската Унија надлежни за областа на образование, наука, истражување и иновации, поддршка на приватен сектор како што се European Investment Bank, European Institute of Innovation and Technology, Joint Research Centre, DG Research and Innovation, European Research Foundation and Education, Audiovisual and Culture Agency.

**ТЕМАТСКИ ПРЕДИЗВИЦИ**

Поттикнување на иновативноста во приоритетните области на науката и технологијата, но и на општеството во целина, во согласност со усвоените меѓународни политики и програми како и постоечката законска регулатива и Стратегијата за иновации е еден од нашите приоритети. Во делот на поддршката на бизнис развојот преку предизвици, Фондот ќе ги следи и светските трендови и заложби утврдени со Целите за одржлив развој на Обединетите нации (Sustainable Development Goals-SDGs) https://sdgs.un.org/#goal_section.

Поаѓајќи од горенаведеното, во текот на 2021-2023 година Фондот ќе креира јавни повици за избор на иновативни решенија за предизвици во следните области:

1. **Зелена економија**

Зелената економија овозможува потенцијал за оддржлив развој преку раст кој ќе биде отпорен на деградацијата на животната средина и климатските промени и ќе обезбеди

снабдување со храна, вода и енергија за сите луѓе. Таа се темели на шест столбови: климатски промени; зачувување и управување со ресурси; циркуларна економија; заштита на животната средина; заштита на екосистемот; зачувување на водата и спречување на природни катастрофи.
Согледувајќи ја важноста на развојот на зелената економија, Фондот ќе продолжи со организација на предизвици кои овозможуваат раст на вработувањата и приходите преку инвестиции во решенија и алатки кои ќе обезбедат намалена емисија на гасови и загадување, зголемена енергија и ефикасност на ресурси и превенција од загуби во биодиверзитетот и заштита на екосистемите.

## 2. Социјално претприемништво

Во последната декада, социјалното претприемништво е препознаено како еден од клучните фактори за вработување и реинтеграција на невработени лица кои се без работа подолг временски период, како и за за вработување и реинтеграција на лица кои се помалку конкурентни на пазарот на труд во земјите ширум Европа. Денес во Европа постојат 2 милиони социјални претпријатија што сочинуваат 10% од целокупниот бизнис во ЕУ. Се претпоставува дека во Република Северна Македонија има околу 450 социјални претпријатија кои се организирани како граѓански организации, трговски друштва, заштитни претпријатија, кооперативи, непрофитни компании и микрофинансиски институции.
Веруваме во можноста за развој на овој сектор особено со оглед на тоа дека кај овој вид на претпријатија постои голем потенцијал за справување со постоечките социјални прашања и проблеми преку понуда на нови и иновативни решенија кои често ги опфаќаат и маргинализираните групи во општеството.

Со цел да го поттикне развојот на овој сектор се предвидува организирање на предизвик за социјалните претпријатија кои ќе понудат иновативни решенија кои ќе имаат значително социјално влијание.

## 3. Дигитализација на јавниот сектор

Дигитализацијата на јавните услуги е процес кој зема замав со подемот на информациските технологии. Воведувањето на дигитални јавни услуги овозможува транспарентност, отчетност и еднаков, побрз и полесен пристап до јавните услуги за граѓаните и сите релевантни чинители. Јавниот сектор треба да ги разбере барањата и потребите на граѓаните и истите, преку дигитализација, да се интегрираат во дизајнот и понудата на јавните услуги. Покрај економските придобивки, во услови на пандемија од вирусот Ковид-19, дигитализацијата директно придонесува и кон заштита на здравјето на граѓаните.
Препознавајќи ја важноста на овој сегмент, Фондот ќе работи на развој и спроведување на нови предизвици за дигитализација на јавниот сектор, со што ќе продолжи вклучувањето на домашните компании со иновативна култура и капацитет во

обезбедување на потребите на јавниот сектор и општеството во целина. Со предизвикот ќе се финансира развој на дигитални производи и услуги за конкретна потреба на јавниот сектор и граѓаните. Со вклучување на јавниот сектор како краен корисник, компаниите ќе добијат значително проширување на пазарот.

### 4. Агротехнологија / Agri Tech

Земјоделската технологија или агротехнологијата го означува користењето на технологијата во земјоделството, хортикултурата и водокултурата со цел за подобрување на приносите, ефикасноста и профитабилноста. Агротехнологијата може да ја сочинуваат производи, услуги и апликации кои произлегуваат од земјоделието заради подобрување на различни производни процеси.

Во рамки на предизвиците, развиваме можности за имплементација на иновативни практики во примарното земјоделско производство и преработка на земјоделските производи и примена на научно-истражувачки достигнувања од областа на земјоделството и руралниот развој.

### 5. Синџир на снабдување / Supply chain

Синџирот на снабдување ги опфаќа деловните релации кои постојат помеѓу компанијата и нејзините добавувачи, како и помеѓу компанијата и нејзините потрошувачи. Тој го следи патот односно процесот од создавање на па сè до крајниот потрошувач. Оптимизирањето на овој процес води до конкурентски предности како што се намалување на оперативните трошоци, ефикасно искористување на ресурсите, побрза достава на производи и согласно со тоа, реализација на повисоки приходи.

Компаниите постојано, а особено во време на економски кризи, се соочуваат со повеќе предизвици поврзани со синџирите на снабдување. Целта на предизвикот кој ќе се реализира во оваа област е да се зголеми нивото на услугите кои компаниите им ги обезбедуваат на потрошувачите и да се намалат нивните трошоци. Предизвикот ќе биде насочен кон поддршка пред сè на старт-ап компании кои ќе понудат иновативни производи наменети за малопродажба.

## <u>СТОЛБ 3 - СТАРТАП ЕКОСИСТЕМ</u>

Анализата на портфолиото на ФИТР и трендовите во домашната економија покажуваат дека старт-ап компаниите се носители на развој и иновации во Северна Македонија. Над 50% од компаниите поддржани преку инструментите на Фондот во периодот 2017 – 2020 година се новоосновани старт-ап компании со вкупен обем на инвестиции од 27 милиони евра.

Поради ова за првпат воведуваме посебен столб за старт-апи преку кој ќе развиваме посебна стратегија со цел - зголемена поддршка за иноваторите и поттикнување на раст на бројот на стартапи кои ќе придонесат кон стабилизација и развој на македонската економија. Целта на овие активности е позиционирање на земјата како регионален старт-ап центар и регионален хаб, каде младите луѓе ќе може да ги реализираат своите бизнис идеи.

Оваа цел ќе се постигне преку следните активности:

- **Старт-ап совет** – формираме специјално советодавно тело чија примарна цел е да ја претставува старт-ап заедницата и да ги застапува нејзините интереси во процесот на креирање и носење на политики кои треба да придонесат за понатамошен раст и развој на македонскиот старт-ап екосистем. Главна задача на Советот е лоцирање на проблемите и предлог решенија кои ќе одговорат на реалните потреби на претприемачите, односно стартапите. Советот ќе биде активен учесник во креирање на идните политики кои се однесуваат на овие компании, ќе предложува мерки насочени кон подобрување на организацијата на работењето на јавниот сектор и институциите што ќе резултира во поедноставени процедури и поквалитени јавни услуги, како и препораки за намалување на товарот и трошокот врз старт-апите со интервенции во правната регулатива и законската рамка со цел полесен пристап до капитал и негова мобилизација.
- **Старт-ап хаб** – отворање на 5 хабови низ државата со преадаптација на веќе постоечки објекти во државна сопственост, што е дел од долгорочната стратегија на Владата за трансформација на вакви неискористени објекти. Целта е тие да прераснат во регионални старт-ап центри кои ќе нудат простор за работа и место за вмрежување и размена на искуства на стартап заедницата. Првиот ваков хаб е Македонско село во Нерези кој ќе биде трансформиран во Старт-ап село. Во соработка со меѓународни организации, овој објект ќе се пренамени во прво „село за дигитални номади" или „стартап село" кое ќе вклучува простор за новоформирани компании, менторски програми како и настани поврзани со работење на старт-ап заедницата. За таа цел е веќе изготвена физибилити студија, а ќе се подготви и стратегија за оперативно работење како и стратегија за самоддржливост. Врз база на искуството од овој проект во следните три години уште во четири региони ќе се отворат вакви регионални старт-ап хабови кои ќе имаат за цел поттик на локалниот развој и претприемништво. Оваа активност треба да придонесе и кон подобар регионален економски развој во сите плански региони.

- **Партнерства** – склучување на партнерства и соработка со веќе постоечки хабови низ државата за промоција на активностите и програмите на ФИТР. Целта е да се

овозможи полесен пристап до програмите и активностите на Фондот за да се поттикнат повеќе компании да работат на проекти за развој и иновации и да аплицираат за финансиска поддршка преку инструментите на Фондот. Дополнително, во рамки на оваа соработка, нашите едукативни и менторски програми ќе бидат достапни до поширок круг потенцијални апликанти и домашни компании.

- **Програма за дигитални номади -** ова вклучува олеснување на процедурите и постапките за престој и работа во земјата на претприемачи од странство со цел да ги привлечеме да дојдат да работат и живеат во Северна Македонија позиционирајќи ја како атрактивна дестинација за бизнис поради својата местоположба и услови за живот. За таа цел, Фондот со Министерството за внатрешни работи ќе основа работна група која ќе работи на измена на законот за странци со што ќе им се овозможи на таканаречените „дигитални номади" кои ќе ги исполнуваат однапред определените критериуми да им се овозможи престој и дозвола за работа. Оваа програма ќе вклучува можност за вадење онлајна виза, олеснети процедури и административна помош. Привлекувањето на ваквите таленти ќе има позитивен ефект врз домашната економија и ќе овозможи поблиска соработка на македонските претприемачи со меѓународни претприемачи.
- **Развој на нова менторска програма за 4 целни групи –** во рамки на менторската програма за првпат се воведуваат посебни програми специјално креирани и наменети за различни целни групи: потенцијални корисници, активни корисници, апликанти чии проекти не биле одобрени за ко-финансирање и корисници со потенцијал за брз раст. Се очекува со ваков таргетиран пристап да се зголеми квалитетот на услугите на Фондот и квалитетот на поднесените предлог проекти.
- **Старт-ап амбасадори –** креирање мрежа на старт-ап амбасадори чија задача ќе биде да ги промовираат македонските стартапи во светот и да овозможуваат полесен и поефикасен пристап до нови пазари. Целта е домашните старт-ап компании и нивните производи и услуги да се издигнат како глобален производ со што ќе се зголеми нивната конкурентност, а со тоа ќе се зголемат шансите за регионален и глобален успех на домашните компании.
- **Владин акцелератор –** со фокус на програми за развој на иновации во јавниот сектор. Целта на владиниот акцелератор ќе биде да организира акцелераторски програми и остварува инвестиции за развој на дигитализацијата во јавниот сектор.
- **Стартап самит –** еднаш годишно ќе се организира дводневен самит на кој ќе присуствуваат домашни и светски предавачи, а кој ќе се фокусира на локални и глобални трендови во стартап светот но и во земјава. Овој настан ќе биде можност за размена на искуствата и нивна примена кај домашните компании.
- **Старт-ап награди за најдобрите старт-апи и претприемачи** - со цел да се поттикне поголема компетитивност кај старт-ап заедницата и зголемен број на иновативни бизнис проекти, Фондот еднаш годишно ќе организира доделување на

специјализирани награди за старт-апите од земјата кои постигнале најдобри резултати во изминатата година.

## СТОЛБ 4 – ТРОЕН/ЧЕТВОРЕН ХЕЛИКС СИСТЕМ

Глобалниот иновациски индекс (2020) ја рангира Република Северна Македонија на 35-то место од 39 европски економии во 2019 година, и 57-та меѓу вкупно 131-те економија кои во 2020 година се дел од Глобалниот иновациски индекс. Иако националната економија бележи умерен напредок, по однос на одделните индикатори, Република Северна Македонија продолжува да покажува најслаби резултати во полето на човечки капитал и истражувања. Оценката за индикаторот „Соработка за истражување помеѓу универзитетите и индустријата" е особено ниска, и е идентификувана како една од најслабите точки во екосистемот, што ја сместува земјата на 112-тото место од 131 земја по однос на овој специфичен индикатор.

Со цел да се процени моменталната состојба на националниот иновациски екосистем во 2019 година беа подготвени три студии на одржливост финансирани од ЕУ во рамки на проектот „Платно за Иновации: Пат кон засилување на националниот иновациски екосистем". Една од овие студии, „Студијата на одржливост за креирање и имплементација на инструменти за иновациски политики" имаше за цел да ги анализира постоечките мерки за поддршка и да ги идентификува преклопувањата и слабостите во националниот иновациски екосистем. Како главен недостаток меѓу мерките за поддршка на иновации, истражување и развој е идентификуван во трансферот на знаење помеѓу јавниот и приватниот сектор како и соработката помеѓу академската заедница и индустријата. Во таа насока, студијата ги потврдува препораките на ОЕЦД се пристап „чекор по чекор", почнувајќи од повеќе троен-хеликс настани, проследено со ваучери за иновации за соработка од мал обем, а потоа со значителни грантови за соработка на позрели проекти помеѓу бизнисите и академската заедница, за кои има изразен интерес од страна на приватниот сектор. Студијата исто така препорачува Фондот да преземе функција на поврзување на Министерството за образование и наука и училиштата, универзитетите со бизнис секторот.

Во поглед на образовните перформанси, според резултатите од последното ПИСА тестирање во 2015, Република Северна Македонија е меѓу земјите кои покажуваат најлоши остварувања. Државата е претпоследна од сите земји учеснички во истражувањето, што значи дека повеќе од половина ученици не поседуваат основни вештини. Она што навистина претставува горлив проблем е што показателите посочуваат дека способностите кај младите во нашата земја постепено се влошуваат, додека во другите земји од регионот одат по нагорна линија. Во исто време, државата се соочува со

огромен губиток на потенцијал и креативна енергија, чиј размер се зголемува кога предвид се зема и проблемот со „одливот на мозоци“.

Истражувањето преку методологија базирана на човекот, спроведено во 2019 година од страна на ФИТР покажа дека охрабрувачки подојвни точки се неколкуте младински програми во земјата кои имаат покажано позитивни резултати. Сепак, многу од нив се имплементираат на ниво на проект, што претставува потешкотија во поглед на постигнување поголемо влијание кое би поттикнало промена на национално ниво. Особено е важно да се идентификуваат проблемите и недостатоците во системот со цел да се делува и да се изнајдат решенија, но исто така, подеднакво е важно да се препознаат позитивните примери, најдобрите практики, и научените лекции. Со цел да се подобрат резултатите постигнати преку младинските програми, како што се „UpShift“, „Junior Achievement“ и „Предизвик за млади истражувачи“, потребна е системска сеопфатна поддршка со која ќе се осигура кохезија, конзистентност и одржливост. Недоволниот пристап до информации и можноста соодветно да се идентификуваат потребите и чуе гласот на младите и просветните работници во овој процес е исто така една од позначајните идентификувани слабости на системот. Младите луѓе се соочуваат со системски пречки во поглед на нивната добросостојба, и оттука потребно е Владата, приватниот сектор, граѓанското општество, како и националните и меѓународните агенции стратешки да размислуваат за нивната иднина и да им помогнат да го остварат сопствениот потенцијал.

Во денешниот свет на брзи промени во технологијата и глобалната економија, постои реална потреба од високо специјализирани и флексибилни вештини но и услови за учениците и младите истите да ги развијат и применат во насока на одржлив и трансформативен развој. Додека образовните системи и економските системи се соочуваат со проблеми во поглед на одржувањето чекор со промените, учениците имаат потреба од образование од кое ќе извлечат применливи знаења, вредности и искуства а компаниие имаа потреба од пренос на знаење и технологии како и вработени чии вештини и знаења ќе можат да фатат чекор со глобалниот развој. Мерките на ФИТР насочени кон развојот на човечките ресурси и тројниот/четворен хеликс систем целат кон креирање на екосистем кој одговара на овие потреби.

Сите мерки креирани во насока на јакнење на човековите ресурси и градење на троен/четворен хеликс иновациски екосистем ќе се стремат кон одржлив и трансформативен општествен развој во линија со современите глобални развојни трендови. Зелената агенда, дигитализацијата и социјалната кохезија се хоризонтални приоритети кои ќе бидат вградени во мерките за подршка преку нивно вклучување во критериуми за оценка и истите ќе бидат земени предвид при дизајнот и промоцијата на сите активности на Фондот. Како надополнување, ќе се спроведуваат и активности насочени кон промоција на концептот на „отворени иновации“ и активно вклучување на

граѓаните во процесот на идентификација на општествените предизвици и реализација на решенија.

По усвојување на Стратегијата за паметна специјализација, ќе преземеме иницијативи за адаптација на мерките за поддршка кон приоритетните сектори на специјализација и идентификација на нови иницијативи согласно определените приоритетни сектори.

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Во периодот 2021-2023 Фондот ќе делува во насока на обезбедување одржливи механизми и системски пристап во поглед на идентификација и унапредување на способностите на младите луѓе во спречувањето на одливот на мозоци. Фокусот ќе биде ставен на поттикнување на иновативноста, креативноста, критичкото размислување и вештините на 21виот век:

- создавање интелектуално стимулативна средина и подготовка на младите за иднината преку вештини за решавање проблеми во контекст на свет на брзи промени;
- поддршка на меѓународната мобилност и меѓународните иницијативи на младите;
- поддршка за синергија помеѓу различните области на образование и обука;
- креирање платформа која ќе ги поврзе образовниот сектор, бизнис секторот и граѓанските организации;
- ќе го зајакнеме гласот на младите.

### 1. Предизвик за млади истражувачи

Преку „Предизвик за млади истражувачи", Фондот поддржува истражувачки проекти засновани на научен метод, вклучувајќи аспекти како: тимска работа, инклузивност, социјална кохезија, етика во истражувањето и социо-економска корист. Продолжуваме со спроведувањето на „Предизвик за млади истражувачи" и истиот ќе го унапредиме преку воведување на „Research & Innovation Toolkits" и менторство во фаза на формулација на предлог проект.

### 2. Поддршка на успешни глобални образовни програми кои го поттикнуваат критичкото размислување, иновативноста, креативоста и НТИУМ кај учениците и младите

Преку подршката на успешните глобални образовни програми обезбедуваме одржливост на национално ниво на програмите кои се кофинансирани од страна на меѓународни донатори, како и вклучување на македонските ученици и млади луѓе во глобални иницијативи.

Фондот ќе го продолжи кофинансирањето на Junior Achievement и UpShift како програми кои го поттикнуваат претприемништвото кај младите и компетенциите кај наставниот кадар преку примена на современи образовни методологии и стекнување практични искуства.

3. **Креирање на програма за практично претприемништво и можности во стартап еко системот за ученици од средните училишта.**

Од 2021 година Фондот ќе започне со изработка на дигитални содржини за претприемничко учење адаптирани на националниот образовен контекст и услови, користејќи ги искуствата на домашните бизниси и претприемачи. Содржините ќе бидат изработени како отворени образовни ресурси во согласност со курикулумот за III и IV година средно образование и ќе овозможат активно вклучување на средношколците во старт-ап системот.

4. **Поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите**

Во зависност од околностите предизвикани од Ковид-19, во периодот 2021-2023 ќе ја тестираме мерката за поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите.

Целта на оваа поддршка е да го идентификува потенцијалот за извонредност и способностите кај учениците и младите за наука, технологија, инженерство, уметност, математика (во понатомошниот текст „НТИУМ“) и претприемништво, да ги зајакне нивните знаења и вештини во однос на нивните врсници на светско ниво, да им обезбеди на младите можности за стекнување меѓународни искуства и учење од своите врсници во светот, како и да им овозможи услови за пренос и примена на овие искуства, знаење и вештини во поширокиот општествен котекст. Преку оваа мерка ќе се финансира подготовката и учеството на македонските ученици, студенти и млади лица на етаблирани меѓународни натпревари и олимпијади.

Целта на оваа поддршка е и јакнење на капацитетите на учениците и младите во насока на нивно понатамошно вклучување во Центри на извонредност.

5. **Платформа за вмрежување и мобилизирање и рационализација на ресурси**

Од 2021, започнуваме со изработка на Платформа која ќе има за цел да ги поврзе младите, наставниците, родителите, јавните институции, граѓанскиот сектор, приватниот сектор и донаторите во насока на вмрежување, мобилизирање и рационализација на ресурси. Платформата ќе овозможи функционалности како crowd-funding и resource sharing за полесна реализација на инстражувачките и иновациските иницијативи на учениците и младите.

Изработката на платформата ќе започне со изготвување на Регистар на програми кој на едно место ќе прикаже информации за минати и постоечки програми кои ја поттикнуваат креативноста, иновативноста и претприемништвото кај младите, како и стекнување на вештини за 21-от век. Ваквиот преглед на иницијативите ќе придонесе кон подобра координација помеѓу институциите кои ги поддржуваат и спроведуваат програмите, ќе го олесни пристапот кон информации за заинтересираните чинители со што ќе ја зголеми видливоста на програмите и ќе влијае врз нивното поуспешно спроведување. Исто така Регистарот ќе послужи и како основа за понатамошна анализа на постоечките програми за идентификација на успешните практики, но и на недостатоците во поддршката.

Во прво време предвидено е Регистарот на програми да послужи како алатка за евиденција на постојните програми, а доколку понатамошните истражувања покажат дека ваквата алатка е користена од чинителите и е потребно истата да се формализра, оваа база на податоци ќе послужи како основа за воспоставување унифициран Регистар на програми со пропишани форма, содржина и начин на водење за што ќе се предложат соодветни измени и дополнувања на Законот за иновациска дејност и ќе бидат изготвени соодветни подзаконски акти.

Регистарот на програми исто така ќе послужи како почетна база на податоци која ќе биде користена од сите чинители (младите, наставниците, родителите, јавните институции, граѓанскиот сектор, приватниот сектор и донаторите). Понатаму оваа база на податоци ќе се надградува со информации и функционалности кои ќе креираат платформа за поврзување на образовниот сектор, приватниот сектор и граѓанските иницијативи.

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Една од идентификуваните слабости на националниот иновациски екосистем е слабата соработка помеѓу академската заедница и индустријата и недостатокот од мерки за поддршка на трансферот на знаење. Со цел да се премостат овие недостатоци, во периодот 2021-2023 планираме значително да ја зголемиме поддршката во оваа насока преку следните мерки:

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. **Иновациски ваучери**

Иновациските ваучери претставуваат финансиски поттик кој претпријатијата ќе го користат за да покријат дел од трошоците за услугите кои ги нудат академските и научно-истражувачките институции. Целта на Иновациските ваучери е да се поттикне соработката помеѓу претпријатијата и академските и научно-истражувачките установи во насока на спроведување иновациски активности, со што претпријатијата ќе ја

зголемат својата конкурентност. Фондот ќе продолжи со спроведување на Иновациските ваучери кои беа пилотирани како мерка во 2020 година.

2. **Колаборативни грантови**

Целта на Колаборативните грантови е да се поттикне соработката помеѓу претпријатијата и академските и научно-истражувачките установи во насока на трансфер на знаење и трансфер на технологии, со што претпријатијата ќе ја зголемат својата конкурентност. Преку оваа мерка ќе се поттикнуваат истражувачки активности во академските и научно-истражувачките установи кои имаат исклучителен комерцијален потенцијал. Предвидено е мерката да се тестира во 2021 година.

3. **Финансиска поддршка за воспоставување и спроведување на иновативни практики во земјоделството**

Во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како дел од Програмата за рурален развој во 2021 година ќе се воведе нова мерка „Финансиска поддршка за воспоставување и спроведување на иновативни практики во земјоделството". Целта на доделената финансиска поддршка за воспоставување и спроведување на иновативни практики во земјоделството е да се поттикне пренос на знаење и/или пренос на технологии од академската во индустриската средина како и да се осовремени примарното земјоделско производство и преработка на земјоделските производи во насока на поттикнување на иновациските активности и примената на нови технологии

4. **Мобилност на висококвалификувани човечки ресурси: Поддршка за ангажирање на магистранти и докторанти во приватниот сектор**

Оваа мерка предвидува субвенционирање на надоместоци за ангажирање на магистранти и докторати во компаниите. Целта на мерката е зголемување на бројот на викококвалификуван кадар во областите на природните и технолошките науки и поттикнување на применето истражување во согласност со потребите на индустријата.

ИНОВАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

5. **Научно технолошки парк и Национална канцеларија за трансфер на технологии**

Во 2021 година, Фондот ќе иницира основање на Национална канцеларија за трансфер на технологии како центар кој ќе нуди услуги и ќе ја поттикнува соработката меѓу високообразовните, научно истражувачките установи и индустријата. Националната

канцеларија за трансфер на технологии ќе нуди услуги поврзани со пристап до финансии, правни и финансиски услуги, права од интелектуална сопственост, иновациски менаџмент и останати услуги кои се однесуваат на процесите на истражување и иновации во насока на трансфер на технологии и трансфер на знаење помеѓу академската заедница и приватниот сектор.

Националната канцеларија за трансфер на технологии ќе претставува јадро за воспоставување на првиот Научно технолошки парк. Научно технолошкиот парк е предвиден како комплексна организација која на едно место нуди инфраструктурна и деловна поддршка за иновативните компании. Во периодот 2021-2023 предвидена е реализација на првата фаза на воспоставување на научно-технолошкиот парк што подразбира адаптација и пренамена на постоечки објект сместен во кампусот на техничките факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 6. Центри на извонредност „FAB LABS"

Со цел овозможување на услови за студентите да ги реализираат своите технолошки и претприемачки идеи низ процес на истражување, развој и иновација, Фондот ќе започне анализа на можностите за воспоставување и поддршка на Центри на извонредност во високообразовните установи.

## СТОЛБ 5 – ФИТР ВЛИЈАНИЕ

- **Анализа на портфолио на корисници на Фондот од приватен сектор**

Фондот ќе продолжи да одржува база на корисници за програмите за поддршка на приватен сектор со цел увид во вкупното портфолио на Фондот според различни индикатори:

- Преглед на вкупен износ на финансиска поддршка од страна на Фондот
- Преглед на вкупен износ на сопствено финансирање од страна на приватен сектор
- Преглед и анализа на корисници според инструмент на поддршка
- Преглед и анализа на корисници според извор на финансирање
- Преглед и анализа на корисници според нивната големина
- Преглед и анализа на корисници според плански региони
- Преглед и анализа на корисници според статус на реализација
- Преглед и анализа на застапеност на жени како сопственици/управители кај корисниците
- Преглед и анализа на корисници според индустрија
- Анализа на поддршка на стар-ап претпријатија во однос на вкупно портфолио

Прегледот на вкупното портфолио на Фондот за поддршка на приватниот сектор ќе се надополнува во иднина и со нови индикатори согласно потребите за анализа на Фондот.

- **Анализа на финансиски перформанси од работењето на корисниците на Фондот**

Со цел - следење на движењата во развојот на претпријатијата корисници на финансиска поддршка од Фондот, ќе продолжиме со активностите на анализа на работењето на корисниците. Целта на анализата е согледување на влијанието на финансиската поддршка од страна на Фондот врз работењето на претпријатијата како и анализа на трендовите односно стапките на раст кај корисниците по утврдени индикатори како што се:

- Стапка на пораст на годишни приходи
- Стапка на пораст на остварена добивка
- Просечно учество на претпријатија кои остваруваат добивка во вкупното портфолио на Фондот
- Стапка на раст во бројот на вработени
- Стапка на раст во просечна исплатена плата
- Стапка на пораст на уплатени средства во буџет по основ на данок на добивка, трошоци од даноци на плата и надоместоци на плата и придонеси од задолжително социјално осигурување

Анализата на финансиското работење на корисниците може да биде проширена со дополнителни индикатори. Методологијата на изработка може да биде со анализа по повик, анализа според инструмент на поддршка, анализа на работењето на корисници на Фондот и споредба на резултатите со апликанти кои не добиле поддршка од Фондот и слично, сè со цел да се добие увид во ефектите од користење на финансиската поддршка од страна на Фондот.

- **Дигитализација на портфолио и активностите за мониторинг на корисниците**

Со цел дигитализација на работењето особено во делот на следење на портфолиото на Фондот како и мониторинг на корисниците, во рамки на среднорочната програма за периодот 2021-2023 година предвидено е набавка/изработка на целосно дигитализирана алатка/софтвер за мониторинг и следење на напредокот на корисниците на ФИТР како и следење на портфолиото на поддржани проекти.

Целта за нејзина изработка произлегува од потребата за постоење на дигитална алатка односно информациски систем на менаџмент преку кој за многу краток временски период би се обезбедиле податоци поврзани со: историјат на секој корисник на средства, фаза на реализација на проектот, и слично. Нејзината изработка би била корисна од неколку аспекти:

- значително би се забрзал процесот на мониторирање на корисниците ;
- овозможување на подобра прегледност на статусот на корисниците на ФИТР;
- давање на информации до Комитетот за одобрување на инвестиции при аплицирање на постоечки корисници за историјата која ја имаат во ФИТР за многу краток временски период;

- споделување на информации до потенцијални инвеститори за статусот и историјата на одреден корисник во ФИТР и сл.
- автоматизирано следење на портфолиото на сите корисници на ФИТР и генерирање на извештаи за истото по различни индикатори (индустрија, регион, инструмент, износ на поддршка и слично).

Планот за изработката на алатката за мониторинг и следење на портфолио би се одвивал во повеќе фази:

- размена на идеи со сите внатрешни и надворешни чинители во процесот на мониторинг;
- проверка дали постои таква постоечка алатка и можност за нејзино прилагодување за потребите на ФИТР;
- доколку не постои, изработка на целосно нова алатка за потребитен на Фондот.

## МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во согласност со среднорочната програма Фондот ќе развива нова визија, мисија и бренд. За таа цел се работи на развој и промоција на нов визуелен идентитет (изработка на ново лого и веб страна) кој треба да биде препознатлив во јавноста. Истовремено се развива нов мултимедијален пристап во информирањето на јавноста и воведување на механизми за двонасочна комункација со кој треба да се обезбеди подобро реализирање на програмата на ФИТР, односно подигнување на свеста за значењето на иновациите во бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог проектите кои се доставуваат на отворените повици.

Развиваме и нова долгорочна стратегија за инвестирање во претприемачите и македонскиот старт-ап сектор преку споделување на знаење и научени лекции од светски експерти, како придонес за нивен раст и дополнителен развој. За таа цел се воведуваат:

- FITR CLASSROOM- вебинари на различни теми кои се значајни за стартап еко системот на кои глобални експерти од најголемите светски брендови во различни области го споделуваат своето искуство и препораки.
- FITR INTERVIEW- интервју со иновативни претприемачи од различни области со цел да се мотивираат нови апликанти, особено млади да започнат со свој бизнис.
- FITR MASTERCLASS – презентации на претприемачи од познати брендови.

Дополнително ќе се организира **Годишен старт-ап самит** кој ќе се фокусира на локални и глобални трендови во стартап светот ,но и во земјава, а на кој ќе присуствуваат домашни и светски предавачи. Овој настан ќе биде можност за размена на искуствата и нивна примена кај домашните компании.

Со цел да се поттикне поголема компетитивност кај стартап заедницата и зголемен број на иновативни бизнис проекти, еднаш годишно ќе се организира доделување на **Старт-ап награди за најдобрите старт-апи и претприемачи** од земјата кои постигнале најдобри резултати во изминатата година.

Покрај континуираното организирање на информативни настани, средби, конференции и панел дискусии, кои целат да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот и промоција на инструментите, истите ќе бидат проследени со специјален мултимедијален пакет од видео и фото понуда за зголемена видливост за активностите и новостите од Фондот, како и можност за поголема покриеност на публиката.

Транспарентноста, отчетноста и двонасочната комуникација се основен императив во нашето функционирање и дејствување. Преку воведените механизми континуирано ќе ја информираме јавноста за процесот на финансирање на домашните компании преку своите инструменти и ефектите од истиот, со цел да се подигне свеста за улогата на ФИТР како централна институција за развој и спроведување на националната политика за иновации и технологии и во националниот иновациски систем, за постигнување на општествени и економски придобивки, како и да се обезбеди транспарентност и одговорност за користењето на државниот буџет и парите на граѓаните и даночните обврзници.

Особено внимание ќе се посветува на **комуникација со медиумите**, така што ќе ги вклучиме медиумите на сите настани кои ги организира Фондот, директно преку прес конференции или брифинзи, или индиректно со прес-соопштенија. На веб-страницата на Фондот која ќе нуди информации на македонски, албански и англиски јазик, како и на и официјалните профили на социјалните мрежи (фејсбук, твитер, инстраграм и јутјуб) ќе се продолжи со континуираното информирање за сите настани организирани од страна на Фондот или настани во кои тој е вклучен, како и информации за одделните инструменти за поддршка и за актуелни повици.

Активно ќе работиме и на развој на нови предизвици и програми наменети за примена на иновации во медиумии.

Сите овие активности ќе имаат за цел да придонесат кон подигнување на свеста за значењето на иновациите во бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на Фондот и подобрување на квалитетот на предлог проектите.

ОРГАНИЗАЦИЈА

- **Други процеси**

За операциите кои се извршуваат во Фондот ќе се одржуваат соодветни системи и опишани процеси. Ќе се одржува систем за водење на базата на податоци за корисниците на инструментите од Фондот и други системи во согласност со препораките на Светска банка. Во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации на Светска банка е предвидена поддршка за развој, како и одржување на оперативната инфраструктура на Фондот, вклучително и на информациско-комуникациските технологии за секојдневно управување со проектот, ќе се одржува системот за финансиски менаџмент, сметководствени активности и известување, активности поврзани со регистрација на корисниците, активности поврзани со поднесување на барања и предлог-проекти, активности поврзани со управување и интеграција на базата на податоци за проектите и корисниците, за оцена на барањата и на предлог-проектите, теренските посети и мониторинг на проекти. Во соработка со консултантот за оперативно работење, Фондот ќе ги планира и ќе ги осмислува програмите, стратегијата, оперативните активности и процедури.

Во следниот тригодишен период предвидена е и изградба и континуиран развој на оперативните капацитети на Фондот, меѓу другото, и за управување со животната средина, правна експертиза во финансиските трансакции, евалуација на интелектуалната сопственост и управување со интелектуалната сопственост, како и следење на резултатите и оцена на влијанието на финансиските инструменти.

НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНА (мониторинг на корисници)

Во периодот од 2021 до 2023 година, во согласност со правилата и процедурите кои се наведени во правилниците на инструментите за поддршка, предвидено е да се продолжи со следење на напредокот на проектите во насока на спроведување на планираните активности и реализација на предвидените трошоци кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот како и следење на остварените резултати по завршувањето на проектот преку достава на семестрални и годишни извештаи.

Спроведувањето на проектите од корисниците се следи преку доставените квартални и завршни, наративни и финансиски извештаи како и преку спроведување на теренски посети најмалку еднаш годишно. Имајќи го предвид големиот број на постоечки корисници предвидено е да се задржи праксата за ангажман на надворешни ревизорски куќи (избрани по пат на тендер) кои учествуваат во процесот на следење и мониторинг на корисниците на средства согласно правилата и процедурите на ФИТР.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Среднорочна програма за работата на Фондот за периодот 2021-2023 година влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија

Дел. бр. 01 - 2367/11

22. 12..2020 година, Скопје

Претседател на Управниот одбор

на Фондот за иновации и технолошки развој

Моника Јованова

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik
Скопје-Shkup

| Инструменти/мерки | Извор | Преостанат износ за исплата од преземени обврски (МКД) | 2021 Q1 | 2021 Q2 | 2021 Q3 | 2021 Q4 | 2021 Вкупно | 2022 Q1 | 2022 Q2 | 2022 Q3 | 2022 Q4 | 2022 Вкупно | 2023 Q1 | 2023 Q2 | 2023 Q3 | 2023 Q4 | 2023 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЕР, столб 3 * (Мерка 3.1, 3.2, 3.3 и 3.4) | Буџет | 86,900,000 | 43,500,000 | 34,700,000 | 8,700,000 | 0 | 86,900,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Технолошки развој | Буџет | 144,106,147 | 48,667,547 | 39,851,217 | 24,823,402 | 4,662,391 | 118,004,556 | 26,101,591 | 0 | 0 | 0 | 26,101,591 | | | | | 0 |
| Образование и обука | Буџет | 6,765,000 | | 2,255,000 | 2,255,000 | 2,255,000 | 6,765,000 | | | | | 0 | | | | | 0 |
| Превземени обврски за Инструменти од Светска банка (Комерцијализација на иновации, стартапувај 1 и 2 технолошка екстензија и акцелератори) * | Буџет | 321,706,234 | 0 | 70,391,899 | 71,844,841 | 7,576,644 | 149,813,384 | 54,562,913 | 66,829,936 | 50,500,000 | 0 | 171,892,849 | | | | | 0 |
| | СБ | 191,500,000 | 166,905,440 | 24,594,560 | 0 | 0 | 191,500,000 | | | | | 0 | | | | | |
| **Вкупно** | | **750,977,381** | **259,072,987** | **171,792,676** | **107,623,243** | **14,494,035** | **361,482,940** | **80,664,504** | **66,829,936** | **50,500,000** | | **197,994,440** | **0** | **0** | | | 0 |
| Вкупно - Буџет | | 559,477,381 | 92,167,547 | 147,198,116 | 107,623,243 | 14,494,035 | 361,482,940 | 80,664,504 | 66,829,936 | 50,500,000 | | 197,994,440 | 0 | 0 | | | 0 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ) | | 191,500,000 | 166,905,440 | 24,594,560 | 0 | 0 | | | | | | | | | | | |

* Превземено од Прилог 2 - предвидена динамика на исплати од заем

| Инструменти/мерки | Период | | Износ на повик | Извор | Износ (МКД) | Исплати на средства - проекција | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Објавување на повик | Склучување на договори | | | | 2021 | | | | 2022 | | | | | 2023 | | | | |
| | | | | | | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно |
| Инструменти за финансиска поддршка на приватниот сектор | Јан | Мај | 369,000,000 | Буџет | | 0 | 92,250,000 | 96,344,560 | 188,594,560 | 92,250,000 | 67,655,440 | 20,500,000 | | 180,405,440 | | | | | 0 |
| | Мај | Окт | 541,200,000 | Буџет | | | | 86,100,000 | 86,100,000 | 92,250,000 | 92,250,000 | 92,250,000 | | 276,750,000 | 92,250,000 | 86,100,000 | | | 178,350,000 |
| | Јуни | Окт | 123,000,000 | Буџет | | | | 30,750,000 | 30,750,000 | 30,750,000 | 30,750,000 | 30,750,000 | | 92,250,000 | | | | | 0 |
| Образование и обука | Јан | Дек | 6,765,000 | Буџет | | 3,382,500 | 3,382,500 | | 6,765,000 | 0 | | | | 0 | | | | | 0 |
| Предизвици | Јан | Дек | 36,285,000 | Буџет | | 8,165,000 | 5,996,250 | 12,146,250 | 26,307,500 | 1,537,500 | 8,440,000 | | | 9,977,500 | | | | | 0 |
| **Вкупно** | | | **1,076,250,000** | | | **11,547,500** | **101,628,750** | **225,340,810** | 338,517,060 | **216,787,500** | **199,095,440** | **143,500,000** | **0** | **559,382,940** | **92,250,000** | **86,100,000** | **0** | **0** | **178,350,000** |
| Вкупно - Буџет | | | | | 1,076,250,000 | **11,547,500** | **101,628,750** | **225,340,810** | 338,517,060 | 216,787,500 | 199,095,440 | 143,500,000 | 0 | 559,382,940 | 92,250,000 | 86,100,000 | 0 | 0 | 178,350,000 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ) | | | | | 0 | | | | | | | | | | | | | | |

* Износот за повиците е индикативно прикажан и истиот може да претрпи одредени промени

| Инструменти /мерки | Период: Објавување на повик | Период: Склучување на договори | Износ на повик | Извор | Износ (МКД) | Исплати на средства - проекција: 2022 Q2 | 2022 Q3 | 2022 Q4 | 2022 Вкупно | 2023 Q1 | 2023 Q2 | 2023 Q3 | 2023 Q4 | 2023 Вкупно | 2024 Q1 | 2024 Q2 | 2024 Q3 | 2024 Q4 | 2024 Вкупно | 2025 Q1 | 2025 Q2 | 2025 Q3 | 2025 Q4 | 2025 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти за финансиска поддршка на | март | јуни | 615,000,000 | Буџет | | 0 | 102,500,000 | 102,500,000 | 205,000,000 | 102,500,000 | 102,500,000 | 102,500,000 | | 307,500,000 | 102,500,000 | | | | 102,500,000 | | | | | 0 |
| | јуни | септември | 583,635,000 | Буџет | | | | 97,272,500 | 97,272,500 | 97,272,500 | 97,272,500 | 97,272,500 | | 291,817,500 | 97,272,500 | 97,272,500 | | | 194,545,000 | | | | | 0 |
| Образование и обука | Јан | Дек | 6,765,000 | Буџет | | 3,382,500 | 3,382,500 | | 6,765,000 | | | | | 0 | | | | | | | | | | 0 |
| Предизвици | Јан | Дек | 24,600,000 | Буџет | | 6,150,000 | 6,150,000 | 6,150,000 | 18,450,000 | 6,150,000 | | | | 6,150,000 | | | | | | | | | | 0 |
| **Вкупно** | | | **1,230,000,000** | | | **9,532,500** | **112,032,500** | **205,922,500** | 327,487,500 | **205,922,500** | **199,772,500** | **199,772,500** | **0** | **599,317,500** | **199,772,500** | **97,272,500** | **0** | **0** | **297,045,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Вкупно - Буџет | | | | | 1,230,000,000 | 9,532,500 | 112,032,500 | 205,922,500 | 327,487,500 | 205,922,500 | 199,772,500 | 199,772,500 | 0 | 599,317,500 | 199,772,500 | 97,272,500 | 0 | 0 | 297,045,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

2023

| Инструмент и/мерки | Период | | Износ на повик | Извор | Износ (МКД) | Исплати на средства - проекција | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Објавување на повик | Склучување на договори | | | | 2023 | | | | 2024 | | | | | 2025 | | | | | 2026 | | | | |
| | | | | | | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | Вкупно |
| Инструменти за финансиска | март | јуни | 737,385,000 | Буџет | | 0 | 122,897,500 | 122,897,500 | 245,795,000 | 122,897,500 | 122,897,500 | 122,897,500 | | 368,692,500 | 122,897,500 | | | | 122,897,500 | | | | | 0 |
| | јуни | сеп | 615,000,000 | Буџет | | | | 102,500,000 | 102,500,000 | 102,500,000 | 102,500,000 | 102,500,000 | | 307,500,000 | 102,500,000 | 102,500,000 | | | 205,000,000 | | | | | 0 |
| Образование и обука | Јан | Дек | 6,765,000 | Буџет | | 3,382,500 | 3,382,500 | | 6,765,000 | | | | | 0 | | | | | 0 | | | | | |
| Предизвици | Јан | Дек | 24,600,000 | Буџет | | 6,150,000 | 6,150,000 | 6,150,000 | 18,450,000 | 6,150,000 | | | | 6,150,000 | | | | | 0 | | | | | |
| **Вкупно** | | | **1,383,750,000** | | | **9,532,500** | **132,430,000** | **231,547,500** | **373,510,000** | 231,547,500 | 225,397,500 | 225,397,500 | 0 | 682,342,500 | 225,397,500 | 102,500,000 | 0 | 0 | 327,897,500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно - Буџет | | | | | 1,383,750,000 | 9,532,500 | 132,430,000 | 231,547,500 | 373,510,000 | 231,547,500 | 225,397,500 | 225,397,500 | 0 | 682,342,500 | 225,397,500 | 102,500,000 | 0 | 0 | 327,897,500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Прилог 1. Предвидена динамика на повици по инструментите на Фондот, со проекција за исплата на средства кон корисници (ПЕР* - План за економски раст)

Исплати на средства - проекција

| Година | 2021 Q1 | 2021 Q2 | 2021 Q3 | 2021 Q4 | 2021 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Исплата по квартал | 259,072,987 | 183,340,176 | 209,251,993 | 239,834,845 | 891,500,001 |
| Вкупно | 259,072,987 | 183,340,17[illegible] | 209,251,993 | 239,834,845 | 891,500,001 |
| Вкупно - Буџет | 92,167,547 | 158,745,616 | 209,251,993 | 239,834,845 | 700,000,000 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ)** | 166,905,440 | 24,594 560 | 0 | | 191,500,000 |

| Година | 2022 Q1 | 2022 Q2 | 2022 Q3 | 2022 Q4 | 2022 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Исплата по квартал | 297,452,004 | 275,457,876 | 306,032,500 | 205,922,500 | [illegible] |
| Вкупно | 297,452,004 | 275,457,876 | 306,032,500 | 205,922,500 | 1,084,864,880 |
| Вкупно - Буџет | 297,452,004 | 275,457,876 | 306,032,500 | 205,922,500 | 1,084,864,880 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ)** | | | | | 0 |

| Година | 2023 Q1 | 2023 Q2 | 2023 Q3 | 2023 Q4 | 2023 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Исплата по квартал | 298,17[illegible] | 295,405,000 | 332,202,500 | 231,547,500 | 1,157,327,500 |
| Вкупно | 298,1[illegible] | 295,405,000 | 332,202,500 | 231,547,500 | 1,157,327,500 |
| Вкупно - Буџет | 298,172,500 | 295,405,000 | 332,202,500 | 231,547,500 | 1,157,327,500 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ)** | 0 | | 0 | 0 | 0 |

| Година | 2024 Q1 | 2024 Q2 | 2024 Q3 | 2024 Q4 | 2024 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Исплата по квартал | 431,320,000 | 322,670,000 | 225,397,500 | 0 | 979,387,500 |
| Вкупно | 431,320,000 | 322,670,000 | 225,397,500 | | 979,387,500 |
| Вкупно - Буџет | 431,320,000 | 322,670,000 | 225,397,500 | 0 | 979,387,500 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ)** | 0 | 0 | | | 0 |

| Година | 2025 Q1 | 2025 Q2 | 2025 Q3 | 2025 Q4 | 2025 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Исплата по квартал | 225,397,500 | 102.500,000 | 0 | 0 | 327,897,500 |
| Вкупно | 225,397,500 | 102,500,000 | 0 | 0 | 327,897,500 |
| Вкупно - Буџет | 225,397,500 | 102,500,000 | 0 | 0 | 327,897,500 |
| Вкупно - Заем Светска Банка (СБ)** | | | | | 0 |

0

** Исплати од Заем Светска банка

Прилог 2. Предвидена динамика на исплати на корисници од заем

| Инструменти | Период / Статус | Извор на исплата | 2021 Q1 | 2021 Q2 | 2021 Q3 | 2021 Q4 | 2021 Вкупно | 2022 Q1 | 2022 Q2 | 2022 Q3 | 2022 Q4 | 2022 Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Акцелератор | Во тек | СБ | 6,273,000 | | | | 6,273,000 | | | | | 0 |
| | | Буџет | | 7,500,000 | 7,500,000 | 7,500,000 | 22,500,000 | 13,500,000 | 13,500,000 | 13,500,000 | | 40,500,000 |
| Технолошка екстензија | Во тек | СБ | 15,877,455 | | | | 15,877,455 | | | | | 0 |
| | | Буџет | | 7,004,313 | 4,591,100 | 76,644 | 11,672,057 | 839,684 | 618,951 | | | 1,458,636 |
| Претходни повици (проекти во тек) | Во тек | СБ | 5,442,750 | | | | 5,442,750 | | | | | 0 |
| | | Буџет | | 971,700 | 565,800 | | 1,537,500 | | | | | 0 |
| Стартапувај 1 | Во тек | СБ | 3,639,539 | | | | 3,639,539 | | | | | 0 |
| | | Буџет | | | | | 0 | | | | | 0 |
| Повик за Комерцијализација на иновации ** | Во тек | СБ | 98,243,796 | 24,594,560 | | | 122,838,356 | | | | | 0 |
| | | Буџет | | 26,740,202 | 38,638,144 | | 65,378,347 | 43,223,229 | 55,710,985 | 40,000,000 | | 138,934,214 |
| Стартапувај 2 | Во тек | СБ | 37,428,900 | | | | 37,428,900 | | | | | 0 |
| | | Буџет | | 28,175,684 | 20,549,797 | | 48,725,480 | | | | | 0 |
| **Инструменти поддржани преку СБ** | | СБ | 166,905,440 | 24,594,560 | 0 | 0 | 191,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | Буџет | **0** | **70,391,899** | **71,844,841** | **7,576,644** | **149,813,384** | **57,562,913** | **69,829,936** | **53,500,000** | **0** | **180,892,849** |

** Превземено од Прилог 1 - План за економски раст